Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година

Скопје, април 2012 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 09-04-2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1893/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и členовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

Пратеници,

## ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СДСМ

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| 1. | Радмила Шекеринска | |
| 2. | Гордан Георгиев | |
| 3. | Наташа Савова | |
| 4. | Игор Ивановски | |
| 5. | Тања Томиќ | |
| 6. | Ана Пваловска Данева | |
| 7. | Оливер Спасовски | |
| 8. | Горан Минчев | |
| 9. | Благоја Стојановски | |
| 10. | Самка Ибраимоски | |
| 11. | Драгиша Милетиќ | |
| 12. | Марјанчо Николов | |
| 13. | Маринела Тушева | |
| 14. | Емилијан Станковиќ | |
| 15. | Билјана Казанџиска | |
| 16. | Миле Андонов | |
| 17. | Голубчо Ангелов | |
| 18. | Станка Анастасова | |
| 19. | Андреј Петров | |
| 20. | Панче Орцев | |
| 21. | Горан Сугарески | |
| 22. | Цветанка Иванова | |
| 23. | Саве Марачков | |
| 24. | Светлана Мазгалоска Вучетиќ | |
| 25. | Борче Ставров | |
| 26. | Јани Макрадули | |
| 27. | Весна Бендевска | |
| 28. | Митре Велјаноски | |
| 29. | Ердоган Сарач | |
| 30. | Дивна Јофковска Ефтимоска | |
| 31. | Менде Диневски | |
| 32. | Стојко Пауновски | |

3.

### ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА НСДП И ЛП

| Ред.бр | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | ТИТО ПЕТКОВСКИ | |
| 2. | ИВОН ВЕЛИЧКОВСКИ | |
| 3. | ГОРАН МИСОВСКИ | |
| 4. | СОЊА МИРАКОВСКА | |
| 5. | НИКОЛЧЕ АЦЕВСКИ | |

4.

# ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА
# ПЕИ и СЛ

| Ред.бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | РЕЈХАН ДУРМИШИ | |
| 2. | ФИЈАТ ЦАНОСКИ | |
| 3. | ЛЕНЧЕ НИКОЛОВСКА | |
| 4. | МЕВМЕД ЏЕМАЈЛОСКИ | |
| 5. | САФЕТ БИШЕВАЦ | |

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година ("Службен весник на Република Македонија "бр. 180/11) се уредува начинот на извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

Во последните три години во Република Македонија најголем проблем во македонската економија е неликвидноста на стопанството и ненавременото исполнување на обврските како меѓу стопанските субјекти така и помеѓу стопанските субјекти и самата Влада, министерствата и другите буџетски корисници. Проблемот за жал станува толку голем што го загрозува опстанокот на многу компании во Република Македонија.

Најголем проблем претставува догот на Владата, министерствата и другите буџетски корисници кон стопанството. Не само навременото плаќање на обврските на државата кон стопанството туку самиот податок колку е долгот и за колку долг временски период е истиот е една од најголемите државни тајни.

Предлагаме со ова законско решение да се вметне обврската за Владата, министерствата и другите буџетски корисници редовно да доставуваат извештај и преглед за своите обврски кои добавувачите и Министерството за финансии се должни да ги објават на својата веб страница. Со тоа би имало јасен преглед колкав е долгот на државните институции кон реалниот сектор.

## II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложените измени и дополнувања на овој закон е да се вметне обврската за Владата, министерствата и другите буџетски корисници редовно да доставуваат извештај и преглед за своите обврски кои добавувачите и Министерството за финансии се должни да ги објават на својата веб страница. Со тоа би имало јасен преглед колкав е долгот на државните институции кон реалниот сектор.

Ова законско решение се заснова врз истите начела врз кои се заснова Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година не предизвикува финасиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените изменуавања и дополнувања на законот не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 180/2011), во членот 6 став 1 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „и достават детален преглед на доспеани и неизмирени обврски кон добавувачите кои Министерството за финансии задолжително ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од доставата на истите.“.

Во ставот 3, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „заедно со детален преглед на доспеани и неизмирени обврски кон добавувачите на единките корисници на Буџетот, кои Министерството за финансии задолжително ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од доставата на истите. “.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
# НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА

Со членот 1 од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година се предлага буџетските корисници и единките корисници да достават преглед на доспеани и неизмирени обврски кон добавувачите кои Министерството за финансии задолжително ги објавува на својата веб страница.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Одредбите од Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година последиците на ова законско решение е да вметне обврската за Владата, министерствата и другите буџетски корисници редовно да доставуваат извештај и преглед за своите обврски кои добавувачите и Министерството за финансии се должни да ги објават на својата веб страница. Со тоа би имало јасен преглед колкав е долгот на државните институции кон реалниот сектор.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2012 ГОДИНА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/11)

Член 6

Буџетските корисници од централната власт можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Трезорот при Министерството за финансии достават годишен финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да доставаат извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план да го достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетските корисници од централната власт може да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно да се достави образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии да достават и збирен квартален план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт може да достават барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, во рамките на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел 090.02 - Министерство за финансии Функции на државата се користат без одобрување на финансиски план.

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии во рамките на законските овластувања одобрува средства од раздел 090.02 - Министерство за финансии - Функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.